

***Од книгата „Народна митологија на Македонците“ од Танас Вражиновски Скопје – Прилеп 1998 г.***

Ние имаме некои води: Петочна вода што викаме, Средочна вода, Торничка вода, Неделска вода. Имаме од тија самовилите што работеле по водјето. Идат луѓево од мака. Некого заболело нога, рака и одат во тије деној се мијат. Пак, оздравуваат луѓето, знајш! Имаме една вода, Средочна ја викаме – Србилица, лево од реката. Имаме една вода десно од реката Бродска, се вика Смрдешец. Така се викат местото Смрдешец. Тука извирет водата и никојпат не се кинет, ни лете ни зиме. Има вода доволно. Друга вода имаме во Бенче – Неделска вода. Таја е напраена чешма. Тука земат луѓе вода и остават пари – за здравје. Тие се води самовилски.

**Раскажал Светозар Миленкоски од с. Ковач.**

**Свети води во село Бенче**

На патот тука,  ете ја Светанаделска и Петочна. Тие се самовилски води. Од старо сум ја запаметил Петочната вода. Одат таму се мијат. Кој има вака некоја мака. За таа Света Недела – на патот се раскажува дека беше едно девојче болно и го поносе на лекар, ние кај него работевне. Тој се вика Ставро. Отидовне на работа.

- Али дојдовте, прекинете со работа.

Ама еден од овие другариве што работеше, со трчање отиде угоре и беше го зел со мајка му, да го носит на лекар. Му текнало на газдава:

- Чекај Ружо. Да го измиеме ние на чешмичево.

Како го измиле девојчето, туа се опулило, си оздраве дејчето!

**Раскажал Трендафиле Миноски од с. Бенче.**

**Лековити води во село Лупиште**

Овде испод селово имат карпа што извират слаба вода. Ако некој се поболи, налета, во сабота навечер ќе остаит тука кошула да ноќеват и во недела сабајле ќе ја земат, ќе ја облечат и ќе оздравит. Карпата ја викаме Самовилска Карпа. Таа е како пештерче со устинче.

Имаме горе Петочна вода. Во петок на сабајле ќе ојме, ќе се измијаме. После кај црквана има една вода, заградена. Таја вода е удолу и со скала се слага. Таја е Светонеделска. Во недела на сабајле. Многу луѓе видуеле дерман. Веруваат и ден денеска. Идат. Оставаат пари.

**Раскажал Стојко Премчески во с. Лупиште.**

**Лековита вода во Змеојца кај с. Крапа**

Таму во Крапа има лековита вода. Таја во Крапа се прикажует и одат само на Дуовден.

Змеојца се вика.

Некоја девојка играла на славата на Дуовден и таја исчезнала. Ветришта завејале од орото ја однесле. Тоа, си поминало една година. После година ја видел некој овчар. Таму во планината има дупка и удолу со скала се слага. Долу – пропаст. Е тaja била таму однесена. Од ветрот од змејот. Разбрала мајка и и отишла таму, и и рекла на дејката:

- Да го прашаш од ошто му е смртта?

А во дупката има два извора од кај што пиел тој змеот, ко ќе си дошол изморен, од некаде. Тој и рекол:

- Само од сол можам јас да загинам!

- Тури му – рекла мајка и – во то коблите сол, да загинит! Да се вратиш!

Таја му напрајла така и ко се напил тој, тука се скаменил, ама и невестава и детето.

Сега одат на Дуовден во то дупката и земат вода за лек. А водата стално полна си е, ни прелеват ни се празнит. Од секакви оболени ама само на Дуовден. Идат од којзнае од каде. Му плаќаат на човек да ги однесит таму.

**Раскажал Стојко Премчески во с. Лупиште.**

**Лековита вода во Крапа**

Имало некој змеј во Крапа, ама змеот ти бил во дупката, никој не го знајл. Ама тој сакал некоја девојка  во Крапа и пуштил некои облаци, ветрој и во ветројте ја зел од оро и си ја однесол в дупка. Потоа не знаат девојкава каде е? Дупкава таму не ја знаеле. Едно време, некое овчарче ја видело, си седела таја, ја познало.

- Е – рекол – Илинка кај дупкана беше, си седеше, си предеше.

Што ќе прајт мајка и – ќе се прибират кај неа. Ојт таму одоколу вака, а змеот си ошол. Се прибрала.

- А бре, синко ти што така овде?

- Зар не знајш мори мајко, дека од дворот – рече- змејот ме зеде? Овде ме донесе. Овде живеам цела година.

- Ами – рекла мајка и- да го прашаш од што му е лекот нему?

- Мајко ја ќе го праша од ошто му е?

Па превара му напрајла та жената другата вечер.

Дошол тој го прашуват една вечер, друга вечер – нејќи да кажуват. Е после се излагал тој.

- А бре – рекол – Илинке две лајци сол тури ко ќе дојда, то ми је животот мене!

Во коблите, имало кобли – вода да пијат. Сол му турила, ама ко легнал ја проколнал: „Од Крапа – рече – кој ќе се измијат од оваа вода – никој аир да немат. Од друзи села кој ќе дојт аир да има.“

Сега многу одат таму на Змеојца. Одат да се мијат.

**Раскажал Тодор Костадиноски во с. Модришта.**

**Лековити води близу село Чаништа**

Едната вода Света Петка се вика е близу до црквата. Туа под еден камен, има едно црниче, капини и кладенче. Ќе го измијат болниот, ќе го сторат – кому ќе се каже на сон. И кој сака за здравје таму ќе оди да се измије.

Подолу пак,  Цацка се вика во реката, таа пак, за од напрсница – вака за од струпје. И тоа во петок се мијат, сабајле пред сонце.

На лековитите води секогаш пред сонце се оди. Кај да одиш, секогаш пред сонце.

**Раскажала Велика Митреска (1934) во с. Чаниште 1995 г.**

**Самовилска вода**

Ете таму згора, Самовилско место се вика, и самовилска вода има. И ако те боле главата ќе идеш на Ѓурѓовден пред с’нце. Неогреано с’нцето и ќе се измиеш од таа водата, ќе пуштиш една пара така.

**Раскажала Атанаса Делова (1920) во с. Конопиште.**

**Изворот и каменот Свети Јован кај селото Октиси**

Изворо Свети Јован е многу голем, ептем голем. Одма над селото е. Се вика Свети Јован и тука на Водици го фрламе крсто. Се прај вир и тука се фрла крстот, како на сите други места кај шо е по селава и градојве.

На тој извор одат жени шо не можат да родат, на такви шо му умират. Ако му умри првото дете и на тој камен таму – Свети Јован одат. На каменот одат и п’лнат на изворо вода, и таму на каменот што праит како праит не знам.

Велат, чукале таму на каменот и после ќе идет вака ќе гледаме, муслиманките појќе тије рабоќе ги прајет, и ќе видиш со ѓумче вода идет од на изворот и после си сјодвет.

**Раскажала Ристана Будлеска (1912) во с. Окиси 1995 г.**

**(Подготви Марко Китевски)**